**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ОДРЕДЕНИ КАТЕГОРИИ МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ

*Скопје, април 2023*

Предмет на оваа кратка информација е статистички преглед на одредени категории маргинализирани групи меѓу кои лицата со телесен инвалидитет, со оштетен слух и оштетен вид.

Според податоците на Светска здравствена организација (СЗО), повеќе од една милијарда луѓе во светот живеат со некој вид на инвалидитет. Ова одговара на околу 15% од светската популација.

Во Република Северна Македонија се проценува дека 10% или околу 200.000 жители се лица со инвалидитет[1].

Во нашата држава видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој се уредува со Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој („Службен весник на РМ“ бр. 30/2000 год) и според него лица со пречки во физичкиот или психичкиот развој кои имаат специфични потреби се:

- лица со оштетен вид (слепи и слабовидни);
- лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
- лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
- телесно инвалидни лица;
- ментално ретардирани (лесно, умерено, тешко и длабоко);
- аутистични лица;
- хронично болни лица;
- лица со повеќе видови на пречки.

Согласно податоците на Државниот завод за статистика презентирани во анализата за Социјалната заштита на деца, млади и возрасни лица, за 2020 и

[1] 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби. *Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија*. Официјална интернетска страница на Институтот за јавно здравје. https://www.iph.mk/3-dekemvri-megjunaroden-den-na-licata-so-posebni-potrebi/ . Пристапено на: 7.4.2023. https://www.iph.mk/3-dekemvri-megjunaroden-den-na-licata-so-posebni-potrebi/

2019 година[2], може да се забележи дека во Република Северна Македонија бројот на лица, предмет на социјална заштита во 2019 година изнесувал 50.159, од кои 2186 социјално исклучени лица; 3228, лица со оштетен вид; 3098 – лица со оштетен слух; 16.125 лица со телесен инвалидитет; 4016 – лица со пречки во менталниот развој; 3804 – лица со комбинирани пречки во развојот; 7092 – материјално необезбедени лица; 3514 – стари лица и 7096 – други корисници.

Во 2020 година, бројките се следни: вкупен борј на лица предмет на социјална заштита – 49.263, од кои: 2264 Социјално исклучени лица; 2603 – лица со оштетен вид; 2867 – лица со оштетен слух; 16.204 – лица со телесен инвалидитет; 4218 – лица со пречки во менталниот развој; 3194 – лица со комбинирани пречки во развојот; 5508 – материјално необезбедени лица; 4941 – стари лица и 7464 други корисници на социјална заштита.

| | **Вкупно** | **Социјално исклучени** | **Лица со оштетен вид** | **Лица со оштетен слух** | **Лица со телесен инвалидитет** | **Лица со пречки во менталниот развој** | **Лица со комбинирани пречки во развојот** | **Материјално необезбедени** | **Стари лица** | **Други корисници** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | **50 159** | **2 186** | **3 228** | **3 098** | **16 125** | **4 016** | **3 804** | **7 092** | **3 514** | **7 096** |
| 2020 | **49 263** | **2 264** | **2 603** | **2 867** | **16 204** | **4 218** | **3 194** | **5 508** | **4 941** | **7 464** |

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

м-р Златко Атанасов

[2] Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица. Државен Завод за статистика. 2020. Официјална интернетска страница на Државниот завод за статистика https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=22&rbr=842 пристапено на: 4.4.2023

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. 3 Декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. https://www.iph.mk/3-dekemvri-megjunaroden-den-na-licata-so-posebni-potrebi/
2. Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица. Државен Завод за статистика. 2020. https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=22&rbr=842


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384